**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 03-32

Скопје 31.12.2020 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До:**

**Врска:**
**Претставка-Ургенција (наш арх.бр.03-32 од 28.12.2020 година)**

**Предмет: Одговор на доставена Претставка-Ургенција**

Почитуван,

По повод Вашата Претставка-Ургенција во која известувате за необјавена исправка на информација емитувана на 16 декември 2020 година во Дневникот во 21:30 часот на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје доставена на официјалната електронска адреса на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги contact@avmu.mk на 28.12.2020 година (наш арх.бр.03-32), Ве известуваме за следното:

Веднаш по приемот на претставката, Агенцијата на 29.12.2020 година испрати Известување (наш арх.бр.03-32) до ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје во кој го потсети радиодифузерот на обврските пропишани во Законот за медиуми во однос на правото на одговор и исправка. Дописот Ви го доставуваме во Прилог (Прилог бр.1).

По однос на предметот на Вашата претставка доставена до Агенцијата, а со цел заштита на вашите права и правни интереси, Ве упатуваме на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, со кој се уредува граѓанската одговорност за штета нанесена на честа и угледот на физичко или правно лице со навреда и клевета.

Воедно, Ве известуваме дека може да упатите и претставка до саморегулаторното тело за медиуми, Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ) за начинот на известување на медиумот и за необезбедувањето право на исправка.

Со почит,

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Прилог (1)**
– Допис-Известување од Агенцијата до ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, (наш арх.бр.03-32 од 29.12.2020 година).

До: Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје

За:

Бр. ________

Скопје [illegible].2020г.

Предмет: Известување за Претставка во врска со право на одговор и исправка

Почитуван,

Ве информираме дека до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пристигна Претставка (наш бр. 03-32 од 28.12.2020 година) од , во која нè информира дека ТВ Телма не ја објавила неговата исправка на информација емитувана во Дневникот во 21:30 часот на 16 декември 2020 година и бара реакција од регулаторното тело.

Ве потсетуваме дека правото на одговор и исправка е регулирано со Законот за медиуми (членови од 17 до 28), при што е прецизирано дека секој има право да бара објавување „исправка на објавена информација во која се наведуваат неточните факти објавени во информацијата, а со кои биле повредени неговите права или интереси" (член 17 став 1).

Исто така, пропишано е дека исправката „мора да биде објавена во рок од два дена од доставувањето на барањето" (член 19 став 1), и дека „одговорниот уредник е должен да ја објави", освен во неколку ситуации јасно наведени во член 19 став 3 од Законот за медиуми.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

..............................................................

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје